ДРУШТВО НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА УМЕТНОСТА НА МАКЕДОНИЈА

2—3

# ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

ДРУШТВО НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА УМЕТНОСТА НА МАКЕДОНИЈА

# 2–3

# ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

Год. II бр. 2—3, 1974—1977 година

СПИСАНИЕ НА ДРУШТВОТО НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА УМЕТНОСТА ОД СРМ, СКОПЈЕ

Редакциски одбор:

Проф. Димче Коцо
Д-р Константин Петров
Д-р Коста Балабанов
Д-р Блага Алексова
Д-р Петар Миљковиќ—Пепек
Д-р Борис Петковски
Љубица Дамјановска

Одговорен уредник

Проф. Димче Коцо

Техн. уредник

Д-р Коста Балабанов

Јазична редакција

Илија Корубин

Зборникот се печати со средства на Републичката заедница за култура и Друштвото на историчарите на уметноста од СРМ

Адреса: Завод за заштита на спомениците на културата на град Скопје (за „Ликовна уметност")

Печати Граф. завод „Гоце Делчев", Скопје, Тираж: 1 000

## СОДРЖИНА

Стр.

Д-р Коста Балабанов: По повод шеесетгодишнината од раѓањето на професорот Томо Томоски — — — — — — — — — — — 3

Проф. Димче Коцо: Архитеткурата во Македонија од XIX век — — 5

Проф. д-р Константин Петров: Едно аналитичко согледување на концепциската менливост во ентериерите и амбиентите на париските дворци — — — — — — — — — — — — — — — — 8

Д-р Штефка Цобељ: Борко Лазески — еден од учениците на Андре Лот во Париз — — — — — — — — — — — — — — — — 15

Д-р Коста Балабанов: Студии од културно-историското наследство на градот Дебар и дебарската област (I) 1. Кога била градена малата црква посветена на св. Петка во Дебар — — — — — — — — — 29

Антоние Николовски: Еден новооткриен портрет од македонскиот сликар Димитар Андонов Папрадишки — — — — — — — — — 34

Д-р Борис Петковски: За научно-истражувачките цели на докторската дисертација: Никола Мартиновски 1903—1973 и методологијата применета за нивното решавање — — — — — — — — — 38

М-р Јован Петров: Портрет на Драгица — Автор Димитар Андонов (Конзервација на делото) — — — — — — — — — — — — — — 46

Проф. д-р Блага Алексова: Ранохристијанската базилика во с. Крњево, кавадарско — — — — — — — — — — — — — — 48

Трајан Витларски; Петар Миљковиќ — Пепек, Комплексот цркви во Водоча, (дел од проектот за конзервација и реставрација на водочкиот комплекс), Скопје, Републички завод за заштита на спомениците на културата — Скопје, 1975, 72 стр. 33 сл. XI сх. XXIX т. 54

Загорка Расолковска — Николовска: Иконата крштење Христово насликаа врз череп од сом — — — — — — — — 58

Соња Абаџиева Димитрова: Улогата и значењето на групата „Мугри" за современата ликовна уметност во Македонија — — — 62

Петар Миљковиќ — Пепек: Научното творештво на Виктор Н. Лазарев е втемелено во една нова епоха за историјата на уметноста на византија (по повод веста за неговата смрт) — — — — — — — 71

Пабло Пикасо (25. X. 1881—8. IV. 1973) — — — — — — — — — — 76

Петар Лубарда (27. VII. 1907—13. II. 1974 — — — — — — — — — 77

Слободанка Парлиќ — Баришиќ и Љубица Дамјановска: Хронологија на настани од областа на македонските современи ликови и применети уметности (1973 од 16 ноември до 31 декември) — 79

Соња Абаџиева Димитрова

# ПАБЛО ПИКАСО

25. X 1881—8. IV 1973

Најголемиот уметник на XX век — Пабло Пикасо, го напушти нашето време во момент на еден навистина младечки творечки занес. Овој поборник за новите сфаќања во уметноста ја експлоатираше својата творечка енергија до последниот здив.

Пабло Пикасо е роден во Малага (Шпанија) на 25. X. 1881 година. Студирал на Академијата Сан Фернандо во Мадрид, а извесно време бил и директор на Прадо. Во 1900 оди во Париз, каде што живеел долго време. Учествувал на најзначајните ликовни манифестации во Франција и надвор од неа, а самостојно излагал речиси во сите светски метрополи. Скопје имаше можност на неколку пати да се запознае со дел од неговото творештво: во 1967 во Музејот на современата уметност беше отворена неговата самостојна изложба на графики, а неколку негови слики беа изложени на Мајскиот салон во Скопје и на големата ликовна манифестација „Од Бонар до Сулаж". Неговата слика „Глава на жена" остана во трајна сопственост на Скопје, како подарок на разурнатиот град и израз на несебичната човечка солидарност.

Инвентивниот творечки дух на Пикасо го согледуваме низ речиси сите ликовни области (сликарство, графика, скулптура, цртеж, керамика, таписерија, мозаик) и уметности (литература, музика, архитектура) низ повеќето стилски ориентации (кубистичка, нео-класицистичка, надреалистичка, експресионистичка . . .) низ широкиот дијапазон на теми (антички митови, војни, кориди, современи драми и сл.).

Како доминантна личност во светската ликовна уметност, тој успеа во текот на повеќе десетици децении да го наметне својот начин на ликовно реагирање, да создаде нов уметнички свет, со нов ликовноестетски јазик. Неговата виталност и нескротлив творечки инстинкт останаа амблем и на неговото творештво и на нашиот век.

